РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр./Nr 08-2139/2

21-07-2020 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 31-та седница одржана на ден 16.07.2020 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот број 08-3082 од 2019 година, оформен по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-3082/1 од 12.06.2019 година, оформен по сопствена иницијатива, за проверка на податоците од анкетниот лист на ______________________________.

Предметот со број 08-3082/1 од 12.06.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-3082/1 од 12.06.2019 година е оформен по сопствена иницијатива а врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

ДКСК, по разгледување на прибавени податоци од ______________________ и по увидот во својата евиденција констатира дека лицето ______________ со Одлука број ____.______________ година е избрано за директор на __________________ и дека во законски предвидениот рок не поднело анкетен лист и изјава за интереси до ДКСК.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со оглед на тоа што од страна на именуваното лице, во предвидениот рок не е постапено по издадениот платен налог, ДКСК до Прекршочната комисија во ДКСК против него поднесе Барање за поведување прекршочна постапка број ____________ од 18.11.2019 година.

Од страна на Прекршочната комисија во ДКСК е донесено Решение број ________________ од 23.12.2019 година со кое ______________ е огласен за одговорен за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, казнив по член 109 од истиот закон при што му е изречена прекршочна санкција – ГЛОБА во износ од 300 евра во денарска противвредност .

По поднесена жалба од страна на сторителот, од страна на Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е донесено Решение број ________________ од 07.05.2020 година со кое се одбива жалбата на ________________ како неоснована.

Врз основа на сето горенаведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: Адем Чучуљ, советник
Одобрил: Катица Николовска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1. 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk